Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на донесувањето , а ќе се објави во „ Службен гласник на Општина Крива Паланка “ .

**Бр . 09 – 3886/7**
**20 .12 . 2021 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ**
**за реализирани приходи и трошоци за спроведување на локални избори 2021 година преку општинските изборни комисии за месец август – ноември**

1. Се објавува Одлука за усвојување финансиски извештај за реализирани приходи и трошоци за спроведување на локални избори 2021 година преку општинските изборни комисии за месец август – ноември, запишано со адреса на живеење на територијата на Општина Крива Паланка, што Советот ја донесе на 4-та седница, одржана на ден 21.12.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3886/8**
**21.12.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 54 од Законот за превоз во патниот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка ("Службен гласник на Општина Крива Паланка" бр. 08/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019 и 08/2021), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 20.12 2021 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

За авто такси превоз на патници во
Општина Крива Паланка

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува авто - такси превозот на патници на територија на Општина Крива Паланка, и тоа:

- Локација и капацитет на такси станиците, отварање на нови и укинување на постојните.кк патници.

- Унифицирани ознаки и опрема на такси возилото

- Утврдување на тарифа за вршење на авто такси превоз на патници во рамките на општината и тарифи за вршење на авто такси превоз кон друга општина или градот Скопје

- Максималниот број на такси возила со кои се врши авто такси превоз на патници на подрачјето на Општина Крива Паланка.

**Член 2**

Превозник може да отпочне со вршење на превоз откако ќе добие лиценца за вршење на авто такси превоз на патници и изводи од лиценца за секое возило поединечно, согласно условите утврдени со законот за превоз во патниот сообраќај и условите од оваа одлука.

## II. ЛОКАЦИЈА И КАПАЦИТЕТ НА ТАКСИ СТАНИЦИТЕ,ОТВАРАЊЕ НА НОВИ И УКИНУВАЊЕ НА ПОСТОЈНИТЕ

**Член 3**

Во Општина Крива Паланка се утврдуваат следните локации и капацитет на такси станиците за такси возила со кои се врши превоз на патници и тоа:

| Реден број | Име на такси станицата | Локација на такси станицата | Капацитет |
|---|---|---|---|
| 1 | Мост | Ул.„Херој Карпош“ | 4 |
| 2 | Тутунска банка | Ул.„Св. Ј. Осоговски“ | 5 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3 | Парк – кај времените објекти | Ул.„Св. Ј. Осоговски“ | 4 |
| 4 | Автобуска станица | Ул. „Илинденска“ | 8 |
| 5 | Зелен Пазар | Ул.„Св. Ј. Осоговски“ | 2+12 |
| 6 | Единство | Ул.„Св. Ј. Осоговски“ | 2 |
| 7 | Осичка маала | Ул. „Партизанска“ | 2 |
| 8 | Грамаге | Ул.„Св. Ј. Осоговски“ | 4 |
| 9 | Медицински центар | Ул.„Св. Ј. Осоговски“ | 5+5 |
| 10 | Гоце Делчев | Ул.„Св. Ј. Осоговски“ | 3 |
| 11 | Бавчалк | Ул.„Херој Карпош“ | 2 |
| 12 | Здружение на пензионери | Ул.„Никола Тесла“ | 2 |
| 13 | Центар за култура | Ул.„Св. Ј. Осоговски“ | 5 |
| 14 | ООУ Илинден | Ул.„Наско Тамбурков“ | 2 |
| 15 | Интернат | Ул.„8-ми Октомври“ | 1 до 3 |
| 16 | Метереолошка | Ул. „Македонска“ | 2 |
| 17 | Осичка маала –нови згради | Ул.„8-ми Септември“ | 2 |

**Член 4**

За отварање нова локација и нов капацитет како и укинување на постојната авто такси станица одлучува Советот на Општина Крива Паланка. Иницијатива за измена на локација или капацитетот на авто такси станицата може да дадат најмалку 70% од регистрираните авто такси превозници и Општина Крива Паланка.

Постојна авто такси станица може да се укине или нивниот капацитет да се намали поради:

- Реализација на урбанистички план.
- Барање на надлежен орган на Општината.
- Несоодветно одржување.

**Член 5**

При иницирањето на отворање нова такси станица или измена на капацитетот на постојна такси станица мора да се води сметка за постоење на просторни и сообраќајни услови, а особено за:

- локацијата да се наоѓа на простор на/од кој не се загрозува безбедноста во сообраќајот или се попречува движењето на останатите учесници во сообраќајот;
- локацијата да се наоѓа на слободна јавна површина, јавни паркинзи и паркинзи со контролиран влез и излез на моторни возила;
- локацијата да се наоѓа на посебна сообраќајна површина вон коловозот со влезно излезни сообраќајни ленти и без нив, но со физичко одвојување од коловозот;
- вон централното градско подрачје нова локација или зголемување на капацитетот на постојна такси станица може да се иницира и на коловозот доколку не го попречуваат нормалното одвивање на сообраќајот и каде сообраќајот е со по слаб интензитет;
- локацијата не смее да биде утврдена во близина до крстосница, мост и автобуско стојалиште и на места на кои се попречува движењето на велосипедите и пешаците.

•

**Член 6**

На една авто-такси станица можат да бидат паркирани онолку авто такси возила колку што е капацитетот на авто-такси станицата.

Вишокот на авто-такси возилата ќе се паркираат на паркингот кај градски зелен Пазар.

Авто-такси станицата кај „Зелен Пазар“ нема да функционира во саботите за времетраење на пазарот.

## III. ОБЕЛЕЖУВАЊЕ, ОПРЕМУВАЊЕ И НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ НА АВТО-ТАКСИ СТАНИЦИТЕ

**Член 7**

Обележувањето, опремувањето и начинот на користење на такси станиците го врши и определува Општина Крива Паланка за кое издава решение за употреба на авто-такси станицата.

Обележувањето на авто такси станицата се врши по потреба врз основа на сообраќајно техничка документација во согланост со постојните прописи,

нормативи и стандарди. Такси станицата се обележува со табла за известување и со капацитетот на такси станицата.

Таблата за известување содржи натпис "ТАХИ” а под него текст „такси станица“ и името на такси станицата испишано на македонски јазик со кирилско писмо и бројот на паркинг места**.**

**Член 8**

На авто такси станицата мора да има поставено определен број корпи за отпадоци, а може да се постави и друга урбана опрема како на пример: настрешница, клупи за седење и слично, а за чистотата и уреденоста на станицата се грижи ЈП. "Комуналец".

**Член 9**

На површината на такси станицата мора да бидат обележани со стандардни ленти - штрафти онолку места за паркирање на такси возилата колку што е капацитетот на такси станицата.

На површината на секое обележено место за паркирање на такси возилата е испишана ознаката "TAXI”.

Лентите - штрафтите за обележување на местата за паркирање на такси возилата и буквите на ознаката "TAXI” се со жолта боја.

**Член 10**

Трошоците за обележување и опремување на нова авто-такси станица како и изготвување на документацијата од член 7 на оваа Одлука, ги сносат авто такси превозниците корисници на авто-такси станиците.

**Член 11**

Правото на користење на такси станици имаат сите авто-такси превозници со лиценца, односно такси возила со изводи од лиценца.

Правото за користење на такси станиците од страна на превозниците е непреносливо на друго правно или физичко лице или друг превозник.

Такси станиците не смее да се користат за паркирање на возила без извод од лиценца или за било каква друга намена.

**Член 12**

На такси станица не смее да бидат паркирани повеќе такси возила од предвидениот капацитет, односно обележаниот број на места.
Такси станиците се користат од сите авто-такси превозници, според редоследот на пристигнување на такси возилата.
Останатите возила доаѓањето на такси станицата го координираат преку комуникациските средства на превозникот.

**Член 13**

Работното време на такси станиците е 24 часа.

**Член 14**

Доколку важноста на лиценцата не биде продолжена или со решение таа е одземена, превозникот го губи и правото за користење на утврдените локации на такси станици.

**Член 15**

За користење на паркинг просторот на такси станиците авто такси превозниците ќе плаќаат надоместок во износ од 200,00 денари, по возило
месечно и тоа за година дена однапред со назнака „за користење на паркинг
простор“, кои се уплаќаат на жиро сметка на Буџет на Општина Крива Паланка. За првата година авто-такси превозниците ќе плаќаат 100,00 денари месечно по возило и тоа за цела година однапред.

За платениот надоместок по возило авто такси превозниците ќе добиваат решение за користење на авто такси станиците.

Доколку надоместокот не се плаќа редовно, Градоначалникот на Општина Крива Паланка ќе го укине решението за употреба на авто-такси станиците и ќе ја одземе лиценцата за вршење на авто такси превоз.

## IV.БОЈА НА ВОЗИЛАТА

**Член 16**

На возилата со кои се врши авто-такси превоз на патници потребно е хаубата и гепекот (односно петата врата) да бидат обоени или покриени со фолија со бела боја на која ќе стои натпис ,,TAXI", а возилата кои се со бела боја хаубата и гепекот (односно петата врата) да бидат обоени или покриени со фолија со жолта боја на која ќе стои натпис ,,TAXI". освен возилата кои имаат доказ за заштита на комбинацијата на бои во согласност со законот.
Бојата на возилата може да биде и поинаква до колку за тоа се согласат најмалку 70% од регистрираните авто такси превозници.

## V. УНИФИЦИРАНИ ОЗНАКИ И ОПРЕМА НА ТАКСИ ВОЗИЛОТО

**Член 17**

Такси возилото, покрај законските услови и посебните услови пропишани врз основа на закон (техничко-експлоатационите услови), мора да ги има следните унифицирани и заштитени ознаки:

- унифицирана светлосна табла на покривот од такси возилото која содржи: натпис TAXI од предната и задната страна, број на изводот од лиценца, грб на Општина Крива Паланка на бочните страни и светлосни показатели од предната страна со зелена боја за слободно и црвена боја за зафатено возило со патник,
- налепница поставена над двете задни тркала, со натпис TAXI, грб на Крива Паланка и број на изводот од лиценца за такси возило,

- налепница со натпис TAXI и бројот на изводот од лиценца за такси возило на предниот блатобран од двете страни,
- на инструмент таблата и на стаклата на двете задни врати од внатрешната страна да е поставена тарифата за наплата на такси превозот, а на истите места и симболот за забрането пушење,
- на инструмент таблата се поставува легитимација на такси возачот видлива за сите патници.

**Член 18**

Во такси возилата е забрането пушење.

Во внатрешноста на такси возилото, на видно место, мора да има поставено ознака/натпис за забрането пушење.

**Член 19**

Такси возилото опремено со задолжителната опрема како техничко експлоатациона карактеристика, може дополнително да биде опремено со: навигационен систем, локатор на движење на авто-такси возилото, видео камера и други комуникациски и електронски уреди за алармирање и заштита на авто-такси возачот и патниците.

**Рекламирање на такси возило**

**Член 20**

Такси возилото може да се користи за сопствено и комерцијално рекламирање.

Како сопствено рекламирање се смета рекламирањето на сопствената фирма на правниот субјект како регистриран превозник со лиценца.

Рекламирањето на такси возилата се ограничува на следните површини:

- на бочните страни (предни и задни врати) на возилото од двете страни,
- на утврден и типизиран дел на светлосна табла на покривот на возилото од двете страни и
- задната страна на наслоните на предните седишта.

**Член 21**

Рекламната порака може да биде истакната како светлечка реклама или насликана на такси возилото, но да не ги покрива унифицираните ознаки.

**Член 22**

Превозникот може да отпочне со рекламирање откако ќе добие дозвола за рекламирање и уплати годишна комунална такса за рекламирање.

**Член 23**

Дозволата за рекламирање ја издава Градоначалникот на Општината и е со важност најмногу до една година.

**Член 24**

Доколку важноста на лиценцата не е продолжена или е одземена со решение престанува и важноста на дозволата за рекламирање.

**Начин на вршење на авто-такси превозот**

**Член 25**

Давањето на услуги во авто-такси превозот на патници започнува:
- од такси станица,
- со повик преку средства за комуникација и
- со запирање од граѓанин на такси возило во движење, доколку возилото е празно, без попречување на безбедното одвивање на сообраќајот.

**Член 26**

Авто-такси превозникот, односно авто-такси возачот е должен да биде во своето возило додека истото се наоѓа на такси станица.
На такси станица патникот го ангажира првото возило, а авто-такси возачот ги прима патниците според редоследот на чекање на такси станицата на неговото такси возило.
По исклучок, доколку патникот има посебни барања во поглед на видот, изгледот, сигурноста и конфорот на такси возилото и изгледот и уредноста на возачот, може да побара услуга од друг авто-такси превозник кој не е прв по редот на чекање на такси станицата.
Ако такси возачот кој е прв во редот на чекање на патници одбие да прими патник на такси станицата, мора да го напушти првото место на станицата и да го завземе последното место на чекање.

**Член 27**

Ако патникот ја нарача услугата со повик преку средства за комуникација, превозот започнува на местото кое тој ќе го одреди.

**Член 28**

За примање на други патници во текот на превозот, одлучува патникот кој го започнал користењето на превозот.

**Член 29**

Кога се чека патникот или кога тој сака да го напушти возилото, авто-такси возачот е должен да го запре возилото на место на кое е тоа дозволено со прописите за безбедност во сообраќајот и кое е безбедно за патникот и другите учесници во сообраќајот со посебно внимание отворањето на вратата на такси возилото да не го попречува движењето на другите учесници во сообраќајот.

**Член 30**

Одредиштето на возењето го определува патникот.
Авто-такси возачот е должен да го обави превозот по најкусиот пат до местото на определување на патникот или по патот што ќе го одреди патникот со почитување на сообраќајните правила и прописи без попречување на останатите учесници во сообраќајот.

**Член 31**

Авто-такси возачот е должен нарачаниот превоз да го доврши со доаѓање на определеното одредиште.
Во случај на неможност да се заврши започнатиот превоз на патници по вина на авто-такси возачот, на авто-такси возачот му припаѓа само половина од износот што во моментот на прекинувањето на превозот го покажува таксиметарот.
Во случај на ставот 2 на овој член, авто-такси возачот е должен да обезеди друго такси возило заради продолжување на превозот на патникот до местото на неговото определување.

**Член 32**

Кога превозот е нарачан со повик преку средства за комуникација, таксиметарот се вклучува по влегувањето на патникот во такси возилото и кога тоа ќе го започне превозот со движење.

**Член 33**

Такси возачот не смее да го врши авто-такси превозот под дејство на алкохол, дрога и други опојни средства.

## V. БРОЈ НА ВОЗИЛА

**Член 34**

Со оваа Одлука на Советот на Општина Крива Паланка се утврдува бројот на возилата со кои се врши авто такси превоз на патници на подрачјето на општината Крива Паланка , кој број може да се зголеми односно намали со
нова одлука на Советот на Општина Крива Паланка, во зависност од пројавените потреби.
Максималниот број на возила со кои се врши авто такси превоз на патници на подрачјето на Општина Крива Паланка изнесува 120 возила и може да се издадат изводи од лиценца за толку возила.

## VI.ТАРИФА

**Член 35**

Тарифата на авто-такси превозот ја донесува Советот на Општината.
Цената на превозот се наплатува врз основа на износот утврден со исправен, подесен и пломбиран таксиметар и вградениот фискален апарат, според утврдената тарифа.
Се утврдува следната тарифа за пресметување на цената на превозот и
услугата:

**ТАРИФА Бр.1 (редовна тарифа)**

| | |
|---|---|
| 1. Старт, почеток на превозот(цена во која е вклучен 1,5 км) | 60,00 ден. |
| 2.Старт, почеток на превозот(цена во која е вклучен 1,5 – 3 км ) | 70,00 ден. |
| 3. За изминат километар (по 3км) | 20,00 ден. |
| 4. Чекање во траење до 1 минута | 3,00 ден. |
| 5. Чекање во траење до 1 час | 180,00 ден. |

**ТАРИФА Бр.2 (тарифа од 22,00 часот до 06,00 часот)**

| | |
|---|---|
| 1. Старт, почеток на превозот(цена во која се вклучени 3 км) | 80,00 ден. |
| 2. За изминат километар (по 3км) | 25,00 ден. |
| 3. Чекање во траење до 1 минута | 5,00 ден. |
| 4. Чекање во траење до 1 час | 200,00 ден. |

**ТАРИФА Бр. 3 (за релации со кои се врши превоз недела како и денови за празник)**

| | |
|---|---|
| 1. Старт, почеток на превозот(цена во која се вклучени 3 км) | 80,00 ден. |
| 2. За изминат километар(по 3 км) | 20,00 ден. |
| 3. Чекање во траење до 1 минута | 3,00 ден. |
| 4. Чекање во траење до 1 час | 180,00 ден. |

**ТАРИФА Бр. 4 (за вршење на авто такси превоз кон друга општина или градот Скопје)**

| | |
|---|---|
| 1. Старт, почеток на превозот(цена во која се вклучени 3 км) | 70,00 ден. |

| | |
|---|---|
| 2. За изминат километар (по 3 км) | 15,00 ден. |
| 3. Чекање во траење до 1 минута | 3,00 ден. |
| 4. Чекање во траење до 1 час | 180,00 ден. |

Авто-такси превозникот е должен тарифата да ја истакне на видно место во возилото. Барањето за промена на цената на авто-такси превозот упатено до Советот на Општина Крива Паланка може да поднесат најмалку 70% од регистрираните авто такси превозници и Општина Крива Паланка и тоа најмногу два пати во текот на една година.

**VII. ЛИЦЕНЦА**

**Член 36**

Лиценцата се издава по барање на превозникот.
Лиценцата и изводот од лиценца се издава согласно Законот за превоз во патниот сообраќај.
Барањето за издавање лиценца и извод од лиценца се поднесува до Градоначалникот на Општина Крива Паланка.
Проверката за исполнување на посебните техничко-експлоатациони услови, на возилата со кои се врши превоз на патници, ја вршат овластените станици за вршење на технички преглед и регистрација на возилата согласно со прописите за безбедност во сообраќајот.

**Член 37**

Градоначалникот на Општината ќе ја издаде лиценцата и изводот од лиценца во рок од 30 дена од денот на приемот на барање.

**Член 38**

Доколку не се исполнети условите пропишани со Законот за превоз во патниот сообраќај и оваа Одлука, надлежниот орган ќе донесе решение со кое ќе го одбие барањето.
Против решението на Градоначалникот на Општината со кое барањето за издавање на лиценца се одбива може да се изјави жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на решението до Министерот за транспорт и врски.
Жалбата не го одлага извршувањето на решението.
Доколку овластен инспектор на општината констатира постапување спротивно од Законот за превоз во патниот сообраќај и на оваа Одлука, по предлог на овластен инспектор на општината, општината може да донесе решение за одземање на лиценцата и изводот од лиценца за вршење на авто такси превоз на патници.

**Член 39**

Трошоците за издавање на лиценца и извод од лиценца паѓаат на товар на барателот.
За доделување на лиценца и извод од лиценца авто такси превозниците плаќаат и административна такса, согласно тарифен број 1, 14 и 15, определена со Законот за административни такси.
Износите на трошоците за издавање на лиценца и извод од лиценца се определуваат во висина од 150,00 денари со назнака "за лиценца" кои се уплаќаат на жиро сметка Буџет на Општина Крива Паланка.

**Член 40**

Превозникот е должен во возилото на видно место да го истакне ценовникот со утврдените тарифи за чинење на превозот и бројот на извод од лиценцата со кое се врши превозот истакнат на ветробранското стакло од страната на совозачот и лицата кои ги управуваат такси возилата на видно место да имат лигитимација во кој ќе има нивна нивна слика со податоци .

**Член 41**

Општината е должна да води евиденција во електронска форма за издадените лиценци и изводи од лиценци.

Општината е должна на својата официјална веб страница да објави ажурирана листа на лиценци кои се издадени и колку уште слободни лиценци се останати за распределување, како и колку слободни изводи од лиценци за авто такси возила се останати.

## VIII. НАДЗОР

**Член 42**

Надзорот над примената на оваа Одлука го врши овластен општински инспектор за патен сообраќај. Доколку општината не е во можност да го извршува инспекцискиот надзор тоа го вршат државните инспектори за патен сообраќај по претходно овластување од страна на Градоначалникот на Општина Крива Паланка.

## IX. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

**Член 43**

За непочитување на оваа Одлука се применуваат казнените одредби пропишани со Закон за превоз во патниот сообраќај.

## X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 44**

Обележувањето и опремувањето на авто такси станиците ќе се изврши во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на оваа Одлука.

**Член 45**

Авто такси превозниците се должни да ја усогласат бојата на авто такси возилата определена во член 16 од оваа одлука во рок од 3 месеци од денот на влегувањето во сила на оваа Одлука.

**Член 46**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престануваат да важат Одлуката за авто такси превоз на патници бр. 07-824/16 објавена во ("Службен гласник на Општина Крива Паланка" бр. 3/2010), Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз на патници од бр.07-218/23 објавена во ("Службен гласник на Општина Крива Паланка" бр. 14/2012) и Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз на патници од бр. 07-711/19 објавена во ("Службен гласник на Општина Крива Паланка" бр. 3/2014).

**Член 47**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а истата ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр. 09-3886/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**20.12.2021 год.** **Претседател,**

**Крива Паланка** **Изабела Павловски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

за објавување Одлука за авто такси превоз на патници во
Општина Крива Паланка

1. Се објавува Одлука за авто такси превоз на патници во Општина Крива Паланка, што Советот ја донесе на 4-та седница, одржана на ден 21.12.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3886/10**
**21.12.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправни објекти („Сл.весник на РМ“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/2017 и 174/21) и член 14 од Статутот на општината Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/2010, 8/14, 2/18 ,3/19 и 08/21), Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на ден 20.12.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 557 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Се утврдува дека ќе се донесе урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените.

**Член 2**

Локалитетот за кој се врши утврдувањето за донесување на урбанистичко-планска документација се наоѓа во нас. Баглак на к.п.бр.557 во КО Крива Паланка сопственост на Лазо Јанев и др..

**Член 3**

На овој локалитет според постојниот Генерален урбанистички план за Крива Паланка е предвидено намена А1-домување во станбени куќи.

**Член 4**

Со изработка на Детален урбанистички план за Крива Паланка за овој локалитет ќе се предвиди намена А1 домување во станбени куќи.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.09-3886/11**
**20.12.2021 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 557 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка**

1. Се објавува Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 557 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка , што Советот ја донесе на 4-та седница, одржана на ден 21.12.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3886/12**<br>**21.12.2021 год.**<br>**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**<br>**Градоначалник,**<br>**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправни објекти („Сл.весник на РМ“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/2017 и 174/21) и член 14 од Статутот на општината Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/2010, 8/14, 2/18 , 3/19 и 08/21), Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на ден 20.12.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 1348/1 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Се утврдува дека ќе се донесе урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените.

**Член 2**

Локалитетот за кој се врши утврдувањето за донесување на урбанистичко-планска документација се наоѓа во нас. Баглак“ на к.п.бр.1348/1 во КО Крива Паланка сопственост на Санде Стојановски.

**Член 3**

На овој локалитет според постојниот Генерален урбанистички план за Крива Паланка е предвидено намена А1 домување во станбени куќи, а според постојниот ДУП е предвидено В-образование и наука.

**Член 4**

Со изработка на Детален урбанистички план за Крива Паланка за овој локалитет ќе се предвиди намена А1-домување во станбени куќи.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.09-3886/13**
**20.12.2021 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши usогласување на намените за к.п.бр. 1348/1 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка**

1. Се објавува Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши usогласување на намените за к.п.бр. 1348/1 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка , што Советот ја донесе на 4-та седница, одржана на ден 21.12.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3886/14**
**21.12.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член14, став1,т.27 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/2010, 08/14, 02/18 , 03/2019 и 08/21 ), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 20.12.2021 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**

**За давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на цените на комунални услуги на ЈП Комуналец Крива Паланка бр.02-638/6 од 17.08.2020**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Крива Паланка дава согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на цените на комунални услуги на ЈП Комуналец Крива Паланка бр.02-638/6 од 17.08.2020 донесена од УО на ЈП Комуналец Крива Паланка бр.02-994/4 од 18.11.2021 година .

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-3886/15** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**20.12.2021 год.** | **Претседател,**

**Крива Паланка** | **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за За давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на цените на комунални услуги на ЈП Комуналец Крива Паланка бр.02-638/6 од 17.08.2020**

1. Се објавува Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на цените на комунални услуги на ЈП Комуналец Крива Паланка бр.02-638/6 од 17.08.2020 , што Советот ја донесе на 4-та седница, одржана на ден 21.12.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3886/16**<br>**21.12.2021 год.**<br>**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**<br>**Градоначалник,**<br>**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 14 став 1 точка 40 и 41 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 8/14, 2/18 и,3/19 и 08/21), а во врска со член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19), Советот на Општина Крива Паланка на Седницата одржана на ден 20.12.2021 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за разрешување на член на Одборот за контрола на материјалното и финансиско работење на ЈП „КАЛИН КАМЕН“ - Крива Паланка**

1. Се разрешува Никола Јакимовски од член на Одборот за контрола на материјалното и финансиско работење на ЈП „КАЛИН КАМЕН“ - Крива Паланка по негово барање .

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09- 3886/17** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**20.12.2021 година** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Решение за разрешување на член на Одборот за контрола на материјалното и финансиско работење на ЈП „КАЛИН КАМЕН“ - Крива Паланка**

1. Се објавува Решение за разрешување на член на Одборот за контрола на материјалното и финансиско работење на ЈП „КАЛИН КАМЕН“ - Крива Паланка, што Советот ја донесе на 4-та седница, одржана на ден 21.12.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3886/18**
**21.12.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 14 став 1 точка 40 и 41 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 8/14, 2/18, 3/19 и 08/21), а во врска со член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19), Советот на Општина Крива Паланка на Седницата одржана на ден 20.12.2021 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за именување на член на Одборот за контрола на материјалното и финансиско работење на ЈП „КАЛИН КАМЕН“ - Крива Паланка**

1. За член на Одборот за контрола на материјалното и финансиско работење на ЈП „КАЛИН КАМЕН“ - Крива Паланка се именува:

- Биљана Веселиновска

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09- 3886/19** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**20.12.2021 година** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Решение за именување на член на Одборот за контрола на материјалното и финансиско работење на ЈП „КАЛИН КАМЕН“ - Крива Паланка**

1. Се објавува Решение за именување на член на Одборот за контрола на материјалното и финансиско работење на ЈП „КАЛИН КАМЕН“ - Крива Паланка, што Советот ја донесе на 4-та седница, одржана на ден 21.12.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3886/20**
**21.12.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

С О Д Р Ж И Н А

1. Програма за подигање и одржување на градското зеленило во Крива Паланка за 2022 година
2. Заклучок за објавување на Програма за подигање и одржување на градското зеленило во Крива Паланка за 2022 година
3. Одлука за доделување на еднократен финансиски надоместок на секое новороденче, запишано со адреса на живеење на територијата на Општина Крива Паланка
4. Заклучок за објавување на Одлука за доделување на еднократен финансиски надоместок на секое новороденче, запишано со адреса на живеење на територијата на Општина Крива Паланка
5. Одлука за усвојување на финансиски извештај за реализирани приходи и трошоци за спроведување на локални избори 2021 година преку општинските изборни комисии за мсец август –ноември
6. Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на финансиски извештај за реализирани приходи и трошоци за спроведување на локални избори 2021 година преку општинските изборни комисии за мсец август –ноември

7. Одлука за авто такси превоз на патници воОпштина Крива Паланка
8. Заклучок за објавување на Одлука за авто такси превоз на патници воОпштина Крива Паланка
9. Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 557 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка
10. Заклучок за објавување на Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 557 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка
11. Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 1348/1 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка
12. Заклучок за објавување на Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 557 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка
13. Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на цените на комунални услуги на ЈП Комуналец Крива Паланка бр.02-638/6 од 17.08.2020
14. Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на цените на комунални услуги на ЈП Комуналец Крива Паланка бр.02-638/6 од 17.08.2020

15. Решение за разрешување на член на Одборот за контрола на материјалното и финансиско работење на ЈП „КАЛИН КАМЕН“ - Крива Паланка
16. Заклучок за објавување на Решение за разрешување на член на Одборот за контрола на материјалното и финансиско работење на ЈП „КАЛИН КАМЕН“ - Крива Паланка

17. Решение за именување на член на Одборот за контрола на материјалното и финансиско работење на ЈП „КАЛИН КАМЕН“ - Крива Паланка
18. Заклучок за објавување на Решение за именување на член на Одборот за контрола на материјалното и финансиско работење на ЈП „КАЛИН КАМЕН“ - Крива Паланка
19. Јавна објава